# Н А С О К А

## За задолжително постапување по предмети започнати врз основа на стариот Царински закон

Согласно **Поглавје 10 ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** од Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр.39/05 во продолжение на текстот **нов царински закон**) Ви ја доставуваме следнава насока заради еднообразен начин на постапување по предмети започнати согласно одредбите на Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/00, 109/01, 31/01, 4/02, 55/02 и 42/03 во продолжение на текстот **стар царински закон**).

**1. Гаранции** - Веќе издадените гаранции заради обезбедување на царински долг (транзитната постапка, царинско складирање, привремен увоз на стока заради облагородување, привремен увоз со целосно и делумно ослободување и поедноставени постапки) продолжуваат да важат уште **6 месеци** по денот на примена на новиот ЦЗ 01/01/2006. Основен услов да бидат прифатени по 01/01/2006 година е истите да се наоѓаат на списокот што ќе Ви го достави Одделението за наплата и буџет заклучно со 31.12.2005 година.

**2. Привремен увоз**

- Сите започнати предмети во областа на привремен увоз на стока заради облагородување, дрaњ бацк, привремен увоз со целосно или делумно ослободување, привремен извоз на стока заради облагородување завршуваат согласно стариот ЦЗ во рамките на рокот кој што им е првично даден.

- По 01/01/2006 година не се прифаќаат барања за продолжувања на рокови кои се однесуваат на одобренија и издадени решенија согласно стариот царински закон во постапките наведени во претходниот став. Продолжување на рок по 01/01/2006 година мора да биде во согласност со новите прописи со поднесување на ново барање и издавање на ново одобрение.

- Сите одобренија во постапката на привремен увоз на стоки заради облагородување со сукцесивен увоз на привремено увезените стоки продолжуваат да важат и по 01/01/2006 година согласно стариот закон во рамките на првично дадениот рок. За стоката што ќе се стави во

постапка како сукцесивна пратка по 01/01/2006 година ќе важат одредбите од веќе даденото одобрение.

**3. Ослободувања од плаќање на царина -** Сите валидни потврди, решенија, протоколи и др.управни акти врз основа на кои може да се добие некое право за ослободување од плаќање на царина а не се искористени до 01/01/2006 година може да се искористат за ослободување од плаќање согласно одредбите од стариот закон но најдоцна во рок од **90 дена** од денот на примена на новиот ЦЗ.

**4. Царински складови**

- Царински складови од типот **А** и **С** продолжуваат да работат како царински складови уште **6 месеци** од денот на примена на новиот ЦЗ во кој период ја имаат обврската да ја усогласат својата евиденција со новиот начин на работа и да поднесат барање за одбрение на царински склад. Ставањето на стока во постапка во овие царински складови по 01/01/2006 година ќе се врши под услови и начин предвидени во новиот царински закон.

- Царинските складови од типот **Д** може да продолжат да работат само со онаа стока која им е ускладиштена до 31/12/2005 година. Во овие складови не може да се става стока во постапка по 01/01/2006 година доколку истите немаат одобрение за царински склад согласно новиот ЦЗ.

**5. Слободни царински зони** - Слободните царински зони должни се да го усогласат своето работење со новиот ЦЗ најдоцна до **31./05/2006** година. За стоката ставена во постапка од 01/01/2006 година важат прописите од новиот ЦЗ.

**6. Застапување -** Лицата кои вршат застапување во постапката на поднесување на царински декларации можат да продолжат да вршат застапување без исполнување на условите пропишани со член 6 од ЦЗ (Службен весник бр.39/05) најдоцна до **30/04/2006** година.